Бр. 0901-155/5

14.09.2017

СВЕТИ НИКОЛЕ

Агенција за вработување на
Република Македонија

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Свети Николе, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден 14.09.2017 година се објавува:

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**

**до**

**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект " ОКО 5 " за работно ангажирање со скратено работно време за период од 6 (шест) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Свети Николе.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 6.200,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 1 година
- млади невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 6 месеци
- родители на 3 и повеќе деца
- самохрани родители
- млади лица до 29 години со ниски квалификации

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- 2 лица *Едукатор по физичка активност 1* - ВСС – физичка култура; Способност за работа со деца, тимска работа, комуникациски вештини, самоиницијативност, со или без работно искуство во струката
- 1 лице *Едукатор за Англиски јазик со игра и песна за најмалите* - ВСС – Филолошки факултет – Англиски јазик, Способност за работа со деца, тимска работа, комуникациски вештини, самоиницијативност, со или без работно искуство во струката

- *1 лице Психолог во Дневниот центар за деца со посебни потреби-* ВСС – Психологија, Способност за тимска работа и работа под притисок,способност за работа со деца со посебни потреби , комуникациски вештини, самоиницијативност, со или без работно искуство во струката

- *6 лица Негователи* - ССС – (за воспитна група развоен период 2-6 год) Способност за работа со деца, тимска работа, комуникациски вештини, со или без работно искуство во струката.

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да подигнат и поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Свети Николе во периодот од 14.09.2017 година до 20.09.2017 година.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Свети Николе и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина Свети Николе кај лицето Ивица Арсов, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување Свети Николе кај лицето Дејан Владев, Центар за социјлна работа Свети Николе кај лицето Новица Митевски.

Градоначалник
Зоран Тасев